## ЗАПИСНИК

од основачкото Собрание на здружението Македонски Комитет за големи електроенергетски системи МАКО-СИГРЕ, одржано на 24.VI.1994 година.

Собранието го отвори Проф. Д-р. Ристо Миновски - претседател на Организациониот Одбор, а со понатамошниот тек на Собранието раководеше дополнително избраното Работно Претседателство.

На седницата присуствуваа:
- 150 членови на МАКО-СИГРЕ чиј список е прилог на записников;
- повеќе истакнати и заслужени стручњаци од областа на електроенергетиката;
- претставници на Владата на Република Македонија;
- претставници на средствата за јавно информирање.

По констатацијата дека има кворум за работа, едногласно беше прифатен следниот

## ДНЕВЕН РЕД

1. Избор на Работно Претседателство, записничар и заверувачи на записникот.
2. Уводен збор и поздравни говори.
3. Верификација на членовите.
4. Одлука за формирање на МАКО-СИГРЕ.
5. Усвојување на статут на МАКО-СИГРЕ и деловник за работа на Собранието.
6. Избор на Претседател и Подпретседател на МАКО-СИГРЕ.
7. Формирање на Студиски Комитети и избор на претседатели на Студиски Комитети.

## Т-1

Претседателот на Организациониот Одбор за членови на Работното Претседателство ги предложи членовите на Иницијативниот Одбор за формирање на МАКО-СИГРЕ: дипл. инж. Димитар Стојанов, дипл. инж. Драган Михајлов, дипл. инж. Никола Черепналковски и дипл. инж. Панзо Андонов.

За записничар е предложена Ева Миновска, а за заверувачи на записникот дипл. инж. Димитар Чапов и М-р. дипл. инж. Ангел Николов.

Собранието едногласно ги прифати предлозите.

**Т-2**

Уводен збор одржа претседателот на Организациониот Одбор Проф. Д-р. Ристо Миновски (Прилог кон записникот).

Собранието го поздравија:

- дипл. инж. Коле Спасевски - генерален директор на ЈП "Електростопанство на Македонија", и
- дипл. инж. Томовски, секретар на ЗЕМАК,

кои го поздравија формирањето на ова здружение на македонските електроенергетичари.

**Т-3**

Членот на Работното Претседателство дипл. инж. Панзо Андонов го прочита поединците кои дале пристапници за членување во МАКО-СИГРЕ.

Собранието го верифицира членството едногласно.

**Т-4**

Одлуката за формирање на МАКО-СИГРЕ ја прочите дипл. инж. Панзо Андонов и истата претставува прилог на записников.

Собранието со акламација и громогласен аплауз ја прифати одлуката, а Претседателот на Организациониот Одбор прогласи дека е формиран Македонскиот Комитет за големи електроенергетски системи МАКО-СИГРЕ.

**Т-5**

Материјалите по оваа точка навреме им беа доставени на сите поканети, а претставуваат прилог од записников.

На истите немаше забелешки и Собранието ги усвои:

- Статутот на МАКО-СИГРЕ
- Деловникот за работа на Собранието,

едногласно и без забелешки.

**Т-6**

Членот на Работното Претседателство дипл. инж. Драган Михајлов му предложи на Собранието:

1. За претседател, да го избере Д-р. Ристо Миновски, професор на Електротехничкиот факултет во Скопје.
2. За потпретседател, да го избере дипл. инж. Стојко Мојанчевски, директор на РЕК "Битола" од Битола.

Собранието едногласно го прифати предлогот и ги избра:
- Проф. Д-р. Ристо Миновски за претседател на МАКО-СИГРЕ,
- дипл. инж. Стојко Мојанчевски за потпредседател на МАКО-СИГРЕ

Потоа новоизбраниот претседател, во свое и во името на потпредседателот им се заблагодари на сите за изразената доверба, и во кратки црти, изнесе кои задачи му претстојат на МАКО-СИГРЕ за да живее како стручна организација, членка на меѓународната организација CIGRE.

**Т-7**

Собранието едногласно го прифати предлогот за формирање на следните Студиски комитети, а ги избра и предложените кандидати како претседатели на Студиските Комитети:

1. Студиски Комитет бр. 11 **Ротациони машини**
   дипл. инж. Владимир Несторов, ЈП "ЕС на Македонија"
2. Студиски Комитет бр. 12 **Трансформатори**
   Проф. М-р. Дионис Манов, ЕТФ-Скопје
3. Студиски Комитет бр. 13 **Склопни апарати**
   дипл. инж. Ацо Јанкуловски, ЕМО-Охрид
4. Студиски Комитет бр. 15 **Изолациони материјали**
   В. Проф. Д-р. Љубомир Николовски, ЕТФ-Скопје
5. Студиски Комитет бр. 21 **Енергетски кабли**
   дипл. инж. ИлијаТрајковски, ф-ка за кабли "Неготино"
6. Студиски Комитет бр. 22 **Надземни водови**
   дипл. инж. Никола Пандевски, ЕМО-Охрид
7. Студиски Комитет бр. 22 **Разводни постројки**
   В. Проф. Д-р. Мито Златаноски, ЕТФ-Скопје
8. Студиски Комитет бр. 31 **Дистрибутивни мрежи**
   дипл. инж. Коста Стамболиев, ЈП "ЕС на Македонија"
9. Студиски Комитет бр. 33 **Пренапони и координација на изолација**
   дипл. инж. Димитар Чапов, ЈП "ЕС на Македонија"
10. Студиски Комитет бр. 34 **Заштита и автоматика**
    дипл. инж. Благоја Јанков, ЈП "ЕС на Македонија"
11. Студиски Комитет бр. 35 **Комуникации и далечинско управување**
    дипл. инж. Љубомир Николовски, ЈП "ЕС на Македонија"
12. Студиски Комитет бр. 36 **Пертурбации**
    В. Проф. Д-р. Леонид Грчев, ЕТФ-Скопје
13. Студиски Комитет бр. 37 **Планирање и развој на ЕЕС**
    Доц. Д-р. Властимир Гламочанин, ЕТФ-Скопје
14. Студиски Комитет бр. 38 **Анализа на ЕЕС**
    Проф. Д-р. Драгослав Рајичиќ, ЕТФ-Скопје
15. Студиски Комитет бр. 39 **Погон, водење и регулација на ЕЕС**
    дипл. инж. Душан Илоски, ЈП "ЕС на Македонија"

Записничар

Ева Миновска

Претседател на МАКО-СИГРЕ

Проф. Д-р. Ристо Миновски

Заверувачи на записникот:

- дипл. инж. Димитар Чапов
- М-р. дипл. инж. Ангел Николов

Скопје, 24.VI.1994

Врз основа на член 13 од законот за општествени организации и здруженија на граѓани, здружението на македонскиот комитет на меѓународната конференција за големи електрични системи МАКО - СИГРЕ на основачкото собрание одржано во Скопје на ден 24. 06. 1994 год. донесе

# ОДЛУКА

за основање на Македонски комитет на меѓународната конференција за големи електрични системи СИГРЕ.

## член 1

Се основа Македонски комитет на меѓународната конференција за големи електрични системи СИГРЕ (во понатамошниот текст МАКО - СИГРЕ) со седиштe во Скопје на ул. Даме Груев бр. 14 а.

## член 2

Основачи на МАКО - СИГРЕ се:

1. Ристо Миновски, роден на год. во . Матичен број: со стан во ; вработен во Електротехнички факултет Скопје; Од татко роден год. во .

2. Димитар Чапов, роден на год. во . Матичен број: со стан во ; вработен во "Ј.П. Електростопанство на Македонија"; Од татко роден год. Во .

3. Димитар Стојанов, роден на год. во . Матичен број: со стан во ; вработен во "Ј.П. Електростопанство на Македонија"; од татко роден год во .

4. Ристо Павлов, роден на год. во . Матичен број со стан во ; вработен во "Ј.П. Електростопанство на Македонија"; од татко , роден год во .

5. Драган Михајлов, роден на год. во . Матичен број: со стан во ; вработен во "Ј.П. Електростопанство на Македонија"; од татко роден год. во .

6. Панзо Андонов, роден на год. во . Матичен број: со стан во ; вработен во "Ј.П. Електростопанство на Македонија"; од татко роден год. во .

7. Љубомир Николовски, роден на во . Матичен број: со стан во ; вработен во ЈП Електростопанство на Македонија - Скопје; од татко роден год. во .

8. Никола Черепналковски, роден на год. во . Матичен број: со стан на ; вработен во Министерство за стопанство на Р. Македонија; од татко роден год. во .

9. Симеон Близнаковски, роден на во , Македонија. Матичен број: , со стан на , вработен на Електротехничкиот факултет - Скопје; од татко роден год. во .

10. Дионис Манов, роден на во , . Матичен број: , со стан на , вработен на Електротехничкиот факултет - Скопје; од татко роден во .

11. Слободан Мирчевски, роден на год. во , . Матичен број: , со стан на , вработен на Електротехничкиот факултет - Скопје; од татко роден во .

член 3.

Во остварувањето на своите цели МАКОСИГРЕ пред се ја развива размената на техничките информации и искуства, и дава иницијативи за проучување на проблематиката од интерес за македонскиот електроенергетски систем и неговите елементи.

член 4.

За постигнување на своите цели МАКОСИГРЕ:

- го следи и унапредува развојот во поедините потесни подрачја од својата работа. За таа цел формира студиски комитети и работни групи;
- организира стручни собири, советувања, симпозиуми, колоквиуми, семинари и др;
- учевствува во работата на СИГРЕ Парис, како национален комитет, а резултатите до кои во таа работа ќе дојде ги става на располагање на своите членови;
- воспоставува соработка со асоцијациите и поединците кои се заинтересирани за програмот на работа со кој се бави МАКОСИГРЕ;
- го развива и унапредува информирањето и врши размена на информации со објавување на материјали и препораки од своите стручни манифестации;
- издава и помага да се издаваат научни и стручни публикации од својот домен на работа;
- го поттикнува и соработува во стручното оспособување на своите членови;

Скопје, 24. 06. 1994 година

МАКОСИГРЕ
Претседател,

Проф. Д-р. Ристо Миновски